# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 16 ДЕКЕМВРИ 2010 година

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, 28 Декември 2010 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота**

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота**,** бр.07-2187/2 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/1**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за јавната чистота (Сл. весник на Р.М бр.111/08, 64/09, 88/10), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Илинден.

**Член 2**

Видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката, начинот на вршење на работите, поставување на садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простории пред јавните објекти се утврдуваат со Годишната програма за одржување на јавната чистота.

**Член 3**

За одржување на јавната чистота се плаќа надомест.

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на општина Илинден и потребата- обемот за одржување на јавната чистота.

**Член 4**

Надоместокот за одржување на јавната чистота за физичките лица – домаќинства за Зона 1 изнесува 60,00 денари.

Надоместокот за одржување на јавната чистота за физичките лица – домаќинства за Зона 2 изнесува 30,00 денари.

**Член 5**

Во зависност од дејноста, местоположбата и уреденоста на јавните површини правните субјекти се поделени во 5 (пет) категори и 2 (две) зони, а цената за извршена услуга по категории и зони, изнесува:

- I категорија – зона 1_______________ 100,00 денари
- II категорија –зона 1 ______________ 200,00 денари
- III категорија – зона 1 _____________ 300,00 денари

- I категорија – зона 2_______________ 50,00 денари
- II категорија –зона 2 ______________ 100,00 денари

- III категорија – зона 2 _____________ 150,00 денари
- IV категорија ___________________ 500,00 денари
- V категорија ___________________ 10.000,00 денари

**Член 6**

1. Во I категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности:

-занатско-услужни дејности: златари, саатчии, ташнари, кројачи, кондураџии, фризери, бербери, козметичари, маникири,и педикири, гравери и клучари и сл;

- продажба и /или одржување на велосипеди;

-канцеларии и слични објекти: адвокати, нотари, книговодители, двд клубови, фотокопирници, агенции за давање на интелектуални услуги, галерии, менувачници и сл;

-градежни и завршни занаетчиски дејности: плочкари, молери, фарбари, електричари, градежни работници, ѕидари, гипсари, фасадери и сл;

-превоз на стоки и патници, такси превозници и сл;

2. Во II категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности:

-продажба и / или одржување на моторни возила и моторцикли;

-работилници: бравари, лимари, електричари, стаклари, столари, автомеханичари, автоелектричари, автолимари, вулканизери и автоперални;

- продажба и / или одржување и поправка на предмети за лична употреба и за домаќинства;

-продажба и / или одржување и поправка на земјоделски машини и опрема

-продажба и / или одржување и поправка на компјутерска опрема, прецизни механички и електроника;

- производство и /или продажба на погребна опрема;

-каменорезци, тапетари, машино бравари и сл;

-здравствени установи, стоматолошки ординации, амбуланти и ветеринарни установи;

-образовни установи: приватни училишта и курсеви, автошколи и игротеки;

-трговија со непрехрамбена стока: бутици, книжарници, цвеќари, комисиони, продавница за опрема на домажни миленици;

- производство и /или продажба на леб, бели пецива, кори;

- производство и /или продажба на свежи слатки и слични производи од тесто;

-преработка и / или продажба на чај, кафе и друго;

-преработка и / или продажба на млеко и млечни производи, сладолед и сл. смрзнати производи.

-продажба на тутунски производи (тобако и киосци)

-обложувалници, игри на среќа и сл.

-и други слични дејности.

3. Во III категорија спаѓаат корисниците-објектите кои ги вршат следните дејности:

-трговија со прехрамбена стока и непрехрамбени производи од типот на: маркети, дисконти, колонијални продавници, пиљари, рибарници, месарници;

-угостителски објекти од типот на ресторани, кафулиња, бифеа и пицерии;
-ресторантски услуги, печењари, скари на кило и продавници за брза храна и сендвичари;
-трговија на мало на медицински, фармацефтски, козметички и тоалетни производи;
-трговија на мало на земјоделски препарати и земјоделски аптеки;
- производство и /или продажба на здрава храна;
- производство и /или продажба на сточна храна;
-штампарско-графички услуги;
-и други слични дејности.

4. Во IV категорија спаѓаат – аеродроми, хотели и стопански индустриски објекти кои се наоѓат во индистриските зони во општина Илинден и тоа зона Карагач, Зона за стопанство м.в Трница, м.в Карагач и м.в Долни Ѓулбуш, стопански комплекс Илинден и индустриска област околу стадионот Илинден.

5. Во V категорија спаѓаат – Тешка и загадувачка индустрија во која спаѓаат сите видови индустриски погони кои имаат големи енергетски барања, голем промет на суровини и материјали, создаваат голем обем на сообраќај и создаваат отпад и штетни еманации (продукти од распаѓање во вид на гас, продукти од испарување, истекување и избивање) и инсталации за складирање на нафта, нафтени деривати, петрохемиски и хемиски производи.

**Член 7**

Во зона 1 влегуваат физичките лица – домаќинствата и правните субјекти кои се наоѓаат односно чие седиште е во н.м Илинден, Марино и Кадино.

Во зона 2 влегуваат физичките лица – домаќинствата и правните субјекти кои се наоѓаат односно чие седиште се наоѓа во н.м Мралино, Миладиновци, Мршевци, Бујковци, Дељадровци, Бучинци, Текија, Бунарџик и Ајватовци.

**Член 8**

Утврдениот надоместок за одржување на јавната чистота од членот 4 и членот 5 се плаќа месечно.

**Член 9**

Данокот на додадена вредност е пресметан во висината на надоместокот.

**Член 10**

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено на сметката.

ЈКП Илинден има обврска да ги евидентира физичките лица – домаќинства и правните субјекти кои имаат обврска за плаќање на надоместокот за јавна чистота согласно оваа Одлука и за истите да достави евиденција до општината.

ЈКП Илинден има обврска да изврши уплата на средствата на сметка на општината кои по основ на надоместок за одржување на јавната чистота треба да се соберат месечно од физичките лица – домаќинства и правните субјекти согласно утврдената евиденција од став 2 на овој член.

Уплата на средствата од став 3, ЈКП Илинден има обврска да ја изврши во рок од 40 дена по истекот на секој месец.

**Член 11**

Средствата од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за реализирање на Програмата за одржување на јавната чистота.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Архивски број: 07-2187/2**
**Датум на донесување: 24.12.2010г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година**

Се објавува Програмата за одржување јавна чистота на подрачјето на општина илинден за 2011 година**,** бр.07-2187/3 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/2**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на чл.12 од Законот за јавна чистота (Службен весник на РМ бр.111/08,64/09, 88/10,114/10 и 130/10), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година ги дефинира: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, како и динамиката и начинот на вршење на работите.

## 1. Вид и обем на работи

Одржувањето на јавната чистота се состои од :

- машинско и рачно метење и миење на улиците, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота и
- празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени на подрачјето на Општина Илинден.

Во планирањето и димензионирањето на работата, за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени :

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата)
- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота.

Потекло и вид на сметот на јавните површини

Под поимот смет се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота.

Под поимот собирање на смет се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет.

Според начинот на живеење и работењето на луѓето, одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори :

- густината на населеност
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила
- степенот на нечистотија
- степен на пречки (паркирани возила и др.)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- културните навики на населението

- стандардот
- самодисциплината на граѓаните
- придржувањето на позитивните прописи

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

Секојдневен смет

а) Отпадоци од возила кои настануваат при :

- превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)
- товарање и растоварање на разни стоки
- собирање на домашен смет
- косење на тревни површини

б) При интензивно врнење на дождови

- наноси од земја, песок, лисја и др.

Сезонски смет

Се појавува сезонски и обично го има во два вида:

- лисја од дрвјата, суви гранки и сл.
- песок и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на лизгавоста, кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

## 2. Динамика, начин и рокови за извршување на работите

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини.

Категоризацијата на јавните површини зависи од : населеноста, распоредот на работните и станбените објекти и интензитетот на сообраќајот.

Имајќи го во предвид минатогодишното искуство ја предлагаме следнава категоризација :

**I Категорија** - улиците, тротоарите, плочниците со густа фреквенција на движење. Метачите ќе вршат рачно метење во поширокото централно подрачје и празнење на уличните корпи за отпад во ова подрачје,

- чистење три пати неделно
- метење еднаш во две недели
- миење на јавните површини и коловози со ангажирање на цистерна. Работата ќе се извршува четири пати годишно, по завршувањето на зимските месеци.

| Ред. бр. | Релација, патен правец, улица | Должина (во км.) | ширина (во м.) | Површина (во $м^2$ ) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Улица „7“ Илинден | 0,25 | 6 | 1.500 |
| 2 | ул. 8 Илинден | 2,6 | 6 | 15.600 |
| 3 | ул. 9 Илинден | 2,4 | 6 | 14.400 |
| 4 | ул. 9 (ОУ Гоце Делчев - Сатра) | 0,5 | 4 | 2.000 |
| 4 | ул.500 Марино | 2,1 | 6 | 12.600 |
| 5 | ул.531 Марино | 0,6 | 5 | 3.000 |
| 6 | ул. 532 Марино | 1,4 | 5 | 7.000 |
| 7 | ул. 534 Марино | 0,3 | 6 | 1.800 |
| 8 | Раскр. Кадино -Игралиште Кадино | 0,8 | 6 | 4.800 |
| 9 | Раскрсница ул. 534 и ул. 531 | 0.1 | 6 | 600 |
| | **Вкупно:** | **11.05** | | **63.300** |

**II Категорија** - населени улици и подрачја со послаба фрквенција на луѓе и моторни возила каде работите ќе се изведуваат два пати во неделата.

| Ред. | Релација, патен правец, улица | Должина (во км.) | ширина (во м.) | Површина (во $м^2$ ) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. 1 Илинден | 3,3 | 6 | 19.800 |
| 2. | Ул. 11, 13, 14 и 15 (Илинден) | 1,6 | 4 | 6.400 |
| 3. | Оу Гоце Делчев – нов мост (Марино) | 0,1 | 6 | 600 |
| 4. | Надвозник кај хотел „Белви“ | 0,1 | 8 | 800 |
| 5. | Надвозник кај ж.Станица Илинден | 0,3 | 8 | 2.400 |
| | **Вкупно:** | **5.4** | | **30.000** |

**III Категорија** - Собирање на отпадоците од и покрај главните патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини (корпите за отпадоци и отпушоци) : Работите ќе се извршуваат еднаш во две недели

| *Ред. бр* | **Релација, патен правец, улица** | **Должина (во км.)** | **ширина (во м.)** | **Површина (во м$^2$ )** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Илинден – Пуста кула | 2,0 | 4 | 8.000 |
| *2.* | Илинден - Јурумлери | 2,0 | 5 | 10.000 |
| *3.* | ул.10 (Кадино) – Идризово (Дрма) | 2,7 | 5 | 13.500 |
| *4.* | ул.2 (Кадино-Мралино) | 1,0 | 4 | 4.000 |
| *5.* | Раскрсница Кадино – Бунарџик | 2,5 | 5 | 12.500 |
| *6.* | Бунарџик – Ајватовци | 1,9 | 4 | 7.600 |
| *7.* | Раскрсница Кадино – миладиновци | 6,2 | 6 | 37.200 |
| *8.* | Миладиновци-Текија | 2,7 | 5 | 13.500 |
| *9.* | Текија-Дељадровци | 1,4 | 5 | 5.600 |
| *10.* | Миладиновци- Бујковци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| *11.* | Бујковци – Мршевци | 1,5 | 5 | 7.500 |
| *12.* | Мршевци- Бучинци | 1,0 | 4 | 4.000 |
| *13.* | Мршевци-Дељадровци | 2,0 | 5 | 10.000 |
| *14.* | Илинден- Ајватовци | 3.2 | 5 | 16.000 |
| *15.* | Улица кон Стопански комплекс (Живинарска фарма) | 0,2 | 5 | 1.000 |
| *16.* | Ајватовци – Мршевци | 3,9 | 5 | 19.500 |
| | **Вкупно:** | **36.2** | | **179.900** |

Вкупна површина на улици и патишта предвидени за одржување на јавна чистота за 2011 година:

- должина 52.65км
- површина 273.200 $м^2$

Растителниот отпад (отпадот кој настанува со косење трева, сечење дрва, чистење троскот, лисја, отпад од градини и друг отпад од растително потекло) од урбаното подрачје на Општината Илинден во 2011 година се предвидува да се отстрани со поставување на контејнери со капацитет од 5.5 $м^3$ и нивно чистење и ротирање на повеќе локации во Општината.

Со ова ќе се спречат ситуациите со ставање на градинарскиот отпад и отпад од паркови во и покрај садовите за собирање на отпадот. Во периодот на подигнување на растителниот отпад - **месеците октомври и ноември**, за оваа намена ќе се користат 20 контејнери, а се предвидува вкупно подигнување на 1200 контејнери.

## Локации на поставеност на контејнери во општина Илинден

### Населено место ИЛИДЕН

1. **ул.6**
2. **ул.1-Плац**
3. **ул.7 кај Мултипром**
4. **ул.2 спроти ДЗС Илинден**
5. **ул.11 и 13 - кај Пензионерски дом**
6. **ул.9 спроти ОпШтината**
7. **ул.19**
8. **ул.23**
9. **Раскрсница ул.11 и ул.8-кај Земјоделските аптеки**
10. **Раскрсница ул.14 и ул.8**
11. **Раскрсница ул.2 и ул.8**
12. **ул.8-кај млин за сточна храна**
13. **ул.9 кај Дом на култура**
14. **ул.8 кај амбулантата**
15. **ул.10**
16. **Раскрсница ул.21 и ул. 9**

### Населено место МАРИНО

1. **ул.500 и 405**
2. **ул.500 и 401**
3. **ул.500 спроти Два партнера**
4. **ул.406**
5. **раскрсница ул.500 и 534**
6. **раскрсница ул.500 и 526**
7. **раскрсница ул.531 и 532**
8. **ул.531 до коШаркарското игралиШте**
9. **раскрсница ул.532 и 526**
10. **раскрсница ул.532 и 505**
11. **раскрсница ул.532 и 506**
12. **раскрсница ул.532 и 527**
13. **раскрсница ул.532 и 513**
14. **раскрсница ул.532 и 518**
15. **раскрсница ул.532 и 523**

### Населено место КАДИНО

1. **раскрсница ул.1 и 11**
2. **ул.11**
3. **ул10 (кај основното училиШте Ристо Крле)**
4. **ул.10**
5. **ул.10**
6. **ул.8**
7. **раскрсница ул.2 и 3**

### Населено место МИЛАДИНОВЦИ

1. **кај основното училиШте**
2. **кај паркот**
3. **спортски терен за мал фудбал**
4. **МВ Старо село**

### Населено место МРАЛИНО

1. **на автобуска постојка**
2. **Мралино (kај игралиште)**

### Населено место ДЕЉАДРОВЦИ

1. **Дом на култура**
2. **кај железничка станица**

**Населено место Бујковци**

1. **МВ Сред село**
2. **на автобуската постојка после црквата)**

**Населено место Бунарџик**

1. **МВ Сред село**

**Населено место Ајватовци**

1. **МВ Сред село**

**Населено место МрШевци**

1. **кај основното училиШте**
2. **Пред дом на Култура**

**Населено место Текија**

1. **Сред село**

**Населено место Бучинци**

1. **МВ Сред село**

Со оваа Програма планирано е одржување на улиците и патиштата на подрачјето на општина Илинден во вкупна должина од 52.65 км ( 21,65 км. во населени места и 31 км. надвор од населените места ) и тоа :

- Асфалтирана површина – 273.200 м2, од кои :
- 110.000 м2 во населени места и
- 163.200 м2 надвор од населените места
- Тротоари и површина покрај сообраќајниците (шанци и друга слободна површина) - 200.000 м2

Покрај улиците и патиштата на територијата на Општина Илинден, со оваа Програма се опфатени и други јавни површини како што се :

- Јавни површини околу спортско-рекреативни објекти ------ 4.000 м2

- Јавни површини околу детски игралишта ---------------------- 1.000 м2

- Пешачки патеки ------------------------------------------------------- 2.000 м2

- Паркинзи за лесни возила ------------------------------------------- 1.000 м2

Јавните зелени површини и парковите се значајни еколошки фактори кои го обезбедуваат квалитетот на живеењето на граѓаните во една урбана средина и стануваат се понеопходни како на експанзијата и забрзаниот развојот на Општината.

Грижата и одржувањето на веќе оформените паркови, тревници, пешачки патеки и други озеленети површини подразбира:

- полевање, косење, кроење, окопување и чистење на површините;
- замена и отстранување на оштетените и исушени садници со други;
- редовна контрола и надзор.
- Поради оштетување на поголем дел од парковите и тревните површини, потребно е да се изврши поправка на дел од тие површини.
- поправка и подобрување на хидрантската мрежа за полевање на парковите и тревниците.

| Преглед на уредени јавни зелени поврШини на подрачјето на ОпШтина Илинден за 2011 година | | |
|---|---|---|
| I. | Паркови и озеленети поврШини на територијата ма ОпШтина Илинден | ПоврШина $м^2$ |
| **1.** | Парк на раскрсница во Илинден | 500 м2 |
| **2.** | Парк кај седиШтето на ОпШтината | 2.000 м2 |
| **3.** | Тревник покрај пеШачката патека Илинден - Марино | 2.500 м2 |
| **4.** | Парк во н.м.Миладиновци | 1.000 м2 |
| **5.** | Тревник кај спортската сала „Гоце Делчев“ | 1.000 м2 |
| | **Вкупна поврШина на паркови и озеленети поврШини** | **7.000 м2** |

**Озеленети површини покрај локалните патишта во Општина Илинден**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Должина на локалните патиШта** | **30.000 м.** |
| **2.** | **ш ирина (за косење) на локалните патиШта** | **2 м.** |
| | **Вкупна поврШина покрај локалните патиШта** | **60.000 $м^2$** |

## 3. Финансирање на Програмата

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности за континуирано и квалитетно одржување на јавната чистота се обезбедени финансиски средства во износ од **6.000.000,00 денари** предвидени во подпрограма Ј 40 со ставка на Буџет 424 поправка и тековно одржување.

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година ќе се обезбедат од

- надоместокот за одржување на јавна чистота согласно член 24 од Законот за јавна чистота- пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 130/10) и
- од Буџетот на општина Илинден.

Висината на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе биде утврдена со Одлука донесена од советот на општина Илинден согласно член 24 од Законот за јавна чистота- пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 130/10).

## 4. Цел на Програмата

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Илинден е креирана за одржување на оптимална јавна чистота на највисоко ниво преку зајакната контрола на сите создавачи на отпад со цел да се намалат трошоците за одржување на јавна чистота преку:

- одговорност на субјектите од создавање преку постапување до одлагање на отпадот,
- едукација од страна на извршителот на програмата,
- подигање на јавна свест,
- чести контроли од страна на надлежниот општински орган - Одделението за инспекциски надзор,
- систем за стимулација-опомени и казни

## 5. Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програма за одржување на јавна чистота на подрачје на општина Илинден за 2011 година е Јавно Комунално Претпријатие Илинден н.м.Илинден.

Извршителот има обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2011 година.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата е ЈКП Илинден преку одговорно лице- Директорот на ЈКП Илинден.

## 6. Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Илинден за 2011 година врши надлежниот општински орган- Одделението за инспекциски надзор.

Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат општинските комунални инспектори.

## 7. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Арх.број 07-2187/3**
**Од 24.12.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за собирање и транспортирање на комуналниот и цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година**

Се објавува Програмата за собирање и транспортирање на комуналниот и цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година**,** бр.07-2187/4 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/3**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на одредбите од член 15 став 1 и член 19 став 1 точка 2 од Законот за управување со отпад (,,Службен весник на РМ"бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08 и 124/10) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година**

Со Програмата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година се дефинира:

- Начинот, динамиката и рокови на собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од домаќинствата на подрачјето на Општина Илинден,
- Цели на програмата (отпочнувањето на примарната селекција на комуналниот отпад)
- Начинот на финансисирање
- Извршител на Програмата
- Надзор

Оваа Програма е усогласена со Законските и подзаконските акти и тоа со: Законот за управување со отпад, Законот за животната средина, Законот за комунална дејност и Одлуката за комунален ред на Општина Илинден.

При постапувањето со комуналниот и другите видови неопасен отпад, општина Илинден ќе се раководи според начелата за : приоритет при управување со отпадот, заштита на животната средина, претпазливост, блискост, универзалност на услугите и начелото загадувачот плаќа.

Со оваа Програма се опфатени сите делови и населени места од подрачјето на Општина Илинден, а димензионирањето на нивото на услугата и динамиката на нејзино извршување претставуваат заокружена целина со почитување на урбаните, социјалните и културните навики на живеење на населението. Во зависност од бројот и видот на садовите за времено сместување на комуналниот отпад, како и почитувајќи ги претходнонаведениве навики и потреби, утврдена е динамиката на собирање и транспортирање на истиот, што е исклучиво во интерес на задоволување на потребите на граѓаните, односно на корисниците на услугите.

Собраниот комунален отпад, како од домаќинствата, така и од стопанските субјекти и собраниот отпад од јавно прометните површини, со специјални возила прилагодени за таа намена се транспортира и депонира на санитарната депонија Дрисла.

## 1. Динамика, начин и рокови за извршување на работите

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива, што има директно влијание во зачувувањето на животната средина, гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од подрачјето на Општина Илинден е утврдена во зависност од :

- густината на населеноста,
- количеството на комуналниот отпад,
- структурата на комуналниот отпад,
- социјалните, културните и останатите особености и навики на граѓаните,
- инфраструктурните сообраќајни услови,
- видот и бројот на садовите за комунален отпад.

Во продолжение следи :

Преглед на динамиката на собирање на отпадот од домаќинставата во Општина Илинден , по населени места

| Ред. бр. | Населено место | Секција/Улица | Ден на собирање | Време на собирање | Динамика седмично |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Илинден | `32□, `6□, `4□, `1□, `26□, `28□, `24□и `22□ | Понеделник | $7^{00}$ -$12^{00}$ | 1 |
| 2. | Илинден | `9□, `11□, `25□и `535□ | Вторник | $7^{00}$-$11^{00}$ | 1 |
| 3. | Илинден | `2□,,27,, ,,3,, ,,5,,,,7,, „11‚,„13“,„15“,,„23“,„7“ | Четврток | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 4. | Илинден | „8‚ ,„201“,„14“ | Петок | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 5. | Марино | „531“, „501“, „502“, „503“, „504“, „505“, „507 “ „508,„509“,„510“, „526“ | Понеделник | $7^{00}$ - $11^{00}$ | 1 |
| 6. | Марино | „512“,„512А“, „512Б“, „513“, „514“, „515“, „516“, „517“, „518“, „519“, „520“, „521“, „522“,„523“, „532“ | Вторник | $7^{00}$ - $12^{00}$ | 1 |
| 7. | Марино | „527“, „527“, „527“, „402“, „403“, „405“, „406“, „416“, „408“, „409“, „410“, „411“, „412“, „413“, „414“ и `500□ | Четврток | $7^{00}$ -$11^{00}$ | 1 |
| 8. | Марино | „531“, „536“, „533“ | Петок | $7^{00}$ -$12^{00}$ | 1 |
| 9. | Кадино | с. Кадино | Среда | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 10. | Мралино | с. Мралино | Среда | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 11. | Миладиновци | с. Миладиновци | Среда | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 12. | Текија | с. Текија | Среда | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 13. | Дељадровци | с. Дељадровци | Среда | $7^{00}$ - $13^{00}$ | 1 |
| 14. | Бунарџик | с. Бунарџик | Вторник | $11^{00}$ -$13^{00}$ | 1 |
| 15. | Ајватовци | с. Ајватовци | Вторник | $11^{00}$ -$13^{00}$ | 1 |
| 16. | Бујковци | с. Бујковци | Понеделник | $11^{00}$ -$13^{00}$ | 1 |
| 17. | Мршевци | с. Мршевци | Понеделник | $7^{30}$ -$11^{00}$ | 1 |
| 18. | Бучинци | с. Бучинци | Понеделник | $7^{00}$ -$8^{00}$ | 1 |

Со организираното подигнување на отпадот преку систем на изнесување се опфатени околу 4200 индивидуални корисници ( домаќинства и викенд куќи).

Освен на индивидуалните корисници - домаќинства , ЈКП ,,Илинден" врши услуги и на правните субјекти (установи, претпријатија, занаетчии, дуќани, угостителски и трговски објекти и др.) кои локациски се наоѓаат во границите на подрачјето на Општина Илинден, а кои комуналниот отпад го одлагаат во постојните садови за негово времено сместување (канти од 120л и 240 л, контејнери со зафатнина од 1,1 м3 и 5,5 м$^3$ ).

Отпадот од домаќинствата редовно се подигнува од соодветни стандардизирани специјални садови за собирање на отпадот **- пластични канти од 120 л**., со кои се снабдени повеќе од 99,5 % од домаќинствата на територијата на Општина Илинден, кои создавачите на отпадот ги изнесуваат до местата определени за таа намена, во деновите и термините определени за изнесување на сметот.

На оние места кои не се пристапни за возилата на ЈКП Илинден за собирање на комунален смет за физички лица ќе се поставуваат контејнери од 1.1 м$^3$ кои ќе може да ги користат редовно а празнењето ќе се врши согласно динамиката за собирање и транспортирање на комунален цврст отпад.

Собраниот комунален цврст отпад се транспортира и депонира на санитарната депонија за комунален отпад-Дрисла.

Според минатите искуства, во текот на 2011 година се очекува и се планира од индивидуалните корисници - домаќинствата на територијата на Општина Илинден да се собере и да се транспортира на депонијата Дрисла комунален цврст отпад во годишно количество од 6.000 тони, а просечната планирана неделна количина на отпад изнесува 30 кг. по корисник - домаќинство. Од правните субјекти се планира да се собере комунален цврст отпад во годишно количество од 1.500 тони.

## 2. Цели на програмата

Со изготвувањето на оваа Програма Општина Илинден има за цел исполнување на две стратешки цели и тоа :

- Имплементација на законската регулатива ( Законот за управување со отпад и Законот за животната средина) и
- Подобрување на оперативното работење, воведување на нови технологии и техники во работењето.

Со цел исполнувањето на основните цели на Законот за управување со отпадот, ќе се превземаат активности во насока на :

- избегнување/намалување на количеството создаден отпад,
- искористување на употребливите состојки од отпадот,
- одржлив развој и спречување на негативното влијание на отпадот врз животната средина , а се во интерес на заштита на здравјето на луѓето.

Исто така во функција на исполнување на наведените цели мора да се обезбеди и почитување на основното начело : создавачот на отпад е одговорен за сопствениот создаден отпад во смисла на негово селектирање, негово намалување, штетното влијание врз животната средина со крајна претпазливост во постапувањето од една страна. На овој начин Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден како давател на услугата ќе може да ги применува начелата на : универзалност на услугата, недискриминација, одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, економски прифатлива цена и целосно покривање на територијата на вршење на услугата, од друга страна.

Неопходно ќе биде да се отпочне и со примарната селекција на комуналниот отпад и третман на секундарните суровини.

Почитувајќи го принципот/ начелото - загадувачот плаќа, интегрираното управување со отпадот се наметнува како императив, а Општината треба да има увид во вкупните количини на создаден отпад и начинот на постапување со него.

За реализацијата на овие планирани активности неопходно ќе биде

- Да се подигне јавната свест и одговорноста на секој субјект за создадениот отпад,
- Да се воспостави систем на селективно собирање на отпадот и организирано постапување со него,
- Програма и динамичен план за обезбедување на нови дополнителни садови (канти) за временото сместување на отпадот и
- Да се зајакне контролата и одговорноста на сите субјекти од создавањето преку постапувањето до одлагањето на отпадот (едукација,подигање на јавната свест, инспекциски органи, систем на стимулации/казни и т.н.).

Идните планови се насочени во насока на унапредувањето и заштитата на животната средина, воведување на нови техники и технологии во управувањето со отпадот, третман на истиот преку искористување на отпадот како секундарна суровина и енергетско гориво, намалување на количината на создавање на отпадот, негов адекватен третман, подигнување на јавната свест за значењето на овој проблем, евиденциите и мониторингот, а се со цел намалување и елиминирање на штетното влијание на овој вид на отпад врз животната средина.

## 3. Финансирање на програмата

За успешното спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува дека неопходно ќе биде да се обезбедат финансиски средства во износ од 26.332.000,00 денари.

Средствата за извршување на оваа Програма ќе се обезбедат од надоместокот за извршување на комунална услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад.

## 4. Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со Програмата за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на подрачје на општина Илинден за 2011 година е Јавно Комунално Претпријатие Илинден н.м.Илинден.

Извршителот има обврска за континуирано, квалитетно, навремено и организирано собирање и транспотирање на комунален цврст и друг вид неопасен отпад согласно Програмата за управување со комунален и други видови неопасен отпад на терторија на општина Илинден за 2011 година, со цел зачувување на животната средина од аспект на санитарно и еколошко значење.

Одговорен субјект за спроведување на Програмата е ЈКП Илинден преку одговорно лице- Директорот на ЈКП Илинден.

## 5. Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршувањето на Програмата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од териториjата на Општина Илинден за 2011 година врши надлежниот општински орган - Одделение за инспекциски надзор Инспекторат.

Инспекциски надзор вршат комуналните инспектори на Општина Илинден.

## 6. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Арх.бр. 07-2187/4**
**Од 24.12.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Ценовникот на услуги за одржување на јавната чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови бр.02-234/8**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Ценовникот на услуги за одржување на јавната чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови бр.02-234/8**,** бр.07-2187/5 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/4**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл. гласник бр.02/05) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл. гласник бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
### за давање на согласност

**Член 1**

Се дава согласност на Ценовникот на услуги за одржување на јавната чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови бр.02-234/8 донесена од Управниот одбор на ЈКП Илинден, н.Илинден.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Архивски број 07-2187/5**
**Датум на донесување: 24.12.2010г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на Општина Илинден бр.02-234/7**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на Општина Илинден бр.02-234/7, бр.07-2187/6 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/5**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), член 6 став 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води (Сл. весник на Р.М бр.68/05, 28/06, 103/08), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл. гласник бр.02/05) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл. гласник бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за давање на согласност

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на општина Илинден бр.02-234/7 донесена од Управниот одбор на ЈКП Илинден, н.Илинден на седницата одржана на ден 16.11.2010 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на Општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Архивски број: 07-2187/6**
**Датум на донесување: 24.12.2010 г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници - домаќинства**

Се објавува Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници - домаќинства, бр.07-2187/7 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/6**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 121 став 1 од Законот за управување со отпад (Сл. весник на Р.М бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл. гласник бр.02/05) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл. гласник бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници - домаќинства

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува цената на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници – домаќинства на територијата на општина Илинден.

### Член 2

Цената на комуналната услуга наведена во член 1 од оваа Одлука се определува на месечен износ од 221,00 денари (во цената не е вкалкулиран ДДВ).

Оваа цена опфаќа собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од домаќинства по утврдена динамика еднаш неделно, од пластичен сад за привремено одлагање на отпадот од 120л.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Архивски број: 07-2187/7**
**Датум на донесување: 24.12.2010 г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – „снабдување со вода за пиење“ на индивидуалните корисници - домаќинства бр.02-229/4**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – „снабдување со вода за пиење на индивидуалните корисници“ - домаќинства бр.02-229/4 , бр.07-2187/8 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/7**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), член 6 став 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води (Сл. весник на Р.М бр.68/05, 28/06, 103/08), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл. гласник бр.02/05) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл. гласник бр.12/09), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за давање на согласност

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – „снабдување со вода за пиење на индивидуалните корисници“ - домаќинства бр.02-229/4 донесена од Управниот одбор на ЈКП Водовод, н.Илинден на седницата одржана на ден 06.12.2010 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на Општина Илинден, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

**Архивски број: 07-2187/8**
**Датум на донесување: 24.12.2010 г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр. 2/05), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Локална Стратегија за млади на Општина Илинден 2011-2015 година**

Се објавува Локалната Стратегија за млади на Општина Илинден 2011-2015 година, бр.07-2187/9 од 24.12.2010 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 29-та (дваесет и деветата) седница одржана на ден 24.12.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-2285/8**
**Од 28.12.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА 2011-2015 година

## СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА

1. **Вовед**

2. **Анализа на состојба**

3. **Краток преглед**

4. **Цел на стратегијата**

5. **Приоритет**
    - **Цел на приоритетот**
    - **Специфични цели**
    - **Стратегии**

6. **Акционен план**

- **Активности**
- **Очекуван резултат - Опис на резултатот**
- **Индикатори**
- **Временска рамка**
- **Одговорност**

## ВОВЕД

Агенција за млади и спорт и Коалиција на младински организации СЕГА од 01 јануари 2010 година започнаа да го имплементираат **проектот „Креирање на локални младински стратегии“**. Проектот се имплементираште во период од 11 месеци во 10 општини во Република Македонија (Илинден, Кисела Вода, Тетово, Битола, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Штип, Радовиш и Свети Николе), а е финансиран од Агенција за млади и спорт, Центар за институционален развој (Програмата CIVICA MOBILITAS), 10-те горенаведени општини и Коалиција на младински организации СЕГА.

Целта на проектот “Креирање на локални младински стратегии“ е да се зголеми активното учество на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница преку изготвување на локални младински стратегии.

Проектот се реализираше преку имплементација на следниве активности:

**1.Подготовка на прирачник за изработка на Локални Младински Стратегии**

Во првиот месец од имплементацијата на проектот се изготви прирачник за изработка на Локални Младински Стратегии. Прирачникот се базира на искуствата во изготвувањето на младинските политики од земјите во ЕУ и ги содржи основните чекори на изготвување на Локални Младински Стратегии. Прирачникот го изработи проектниот тим во консултација со меѓународни и национални експерти за младинска политика. Истиот ќе биде долгорочно користен како алатка за изготвување налокални младински политики во другите градови во РМ.

**2. Организрање на обука за претставниците на ЕЛС и младинските здруженија за изготвување на Локални Младински Стратегии (ЛМС):**

Во Општина Илинден се формираше координативно тело и работна група. Координативното тело беше составено од 5 членови (Претставници на Советот на општината, раководител на Сектор за локален економски развој, експерт за младинска политика и претставници од НВОи).

Работната група е составена од 15 членови: претставници од локалната самоуправа, претставници од младински НВОи, претставници од образовни институции и студенти. Лидерот на работната група истовремено е и член на Координативното тело.

Претставници од Локалната самоуправа воедно и од Координативното тело учествуваа на обука за Креирање на локални младински стратегии заедно со претставници од останатите 10 Локални самоуправи.

Учесниците се стекнаа со конкретни вештини и знањеа за процесот на креирање на локални младински стратегии.

**3.Фасилитирање и поддршка на процесот на изготвување на Локални Младински Стратегии (ЛМС)**

Процесот на креирање на локални младински политики, по кој истовремено се води и овој проект, е применет при креирањето на Националната стратегија за млади на РМ.

Истиот беше предводен од Агенцијата за Млади и Спорт на РМ (АМС), а фасилитиран од Коалицијата СЕГА.

Во Општина Илинден истиот беше предводен од страна на ЛС, а фасилитиран од страна на ИНТЕРКУЛТУРА Организација за културна соработка која е партнер на Коалицијата СЕГА. Во Општина Илинден, ИНТЕРКУЛУТРА Организација за културна соработка го помагаше процесот и беше дел од Координативното тело на Општина Илинден.

Со цел да се обезбедат информации потребни за дефинирање на приоритетите и потребите на младите во општината беше спроведено истражување, на однапред определени репрезентативен примерок.

Истражувањето го спроведуваа 3 истражувачи. Во истражувањето беше вклучен експерт, кој што ја имаше главната улога во спроведувањето на истражувањето. За да се обезбедат дополнителни информации за состојбата и потребите на младите, во Општина Илинден беа формирани по две фокус групи кои ги сочинуваа: претставници од ЕЛС, претставници од советот на општината,претставници на младински организации, како и претставници на локални образовни институции и млади. На овие фокус групи се дискутираше за постоечките локални активности во општината, за тековните проблеми и потреби на младите од каде што понтаму произлегоа основните приоритети на младите.

Работната група во текот на креирањето на ЛМС имаше задача 8 работни средби да ги сублимира резултатите од спроведената анкета и резултатите од организиранитефокус групи. Од овие резултати беа одредени 6 приоритети од страна на фокус групата, од кои на состаноците на работната група се дефинираа целни интервенции, цели, стратегии на решавање. Базирано на приоритетите од ЛМС се изготви Акционен План (АП) за секој од нив.

Подготвените драфт верзии на ЛМС со АП редовно беа доставувани до Координативното тело за дополнителни измени. Координативното тело организираше јавна расправа по Драфт верзијата на ЛМС доставувајќи ја на разгледување до подрачните Министерства во општината. Со цел да се обезбеди поголемо вклучување на јавноста, а посебно младите, при креирањето на локалните политики беше организирана јавната расправа по Драфт верзијата на ЛМС.

Работната група по завршување на јавната расправа изготви Драфт II ЛМС со АП во кој се беа вметнатни забелешките, мислењата, сугестиите и предлозите од јавната расправа и забелешките од подрачните министерства. Во овој документ се инкорпорира сите резултати и информации кои се добиени како инпут од претходните активности.

Финалниот Драфт од ЛМС и АП го изработи работната група и беше доставен до Советот на општината за нивно понатамошно усвојување.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

### Профил на општината

Како посебна единица на локалната самоуправа, Општина Илинден е формирана во 1996 година. Територијата што ја опфаќа Општина Илинден претходно била во состав на скопската општина Гази Баба.

Вкупната површина на Општината е 97, 02 $км^2$, а според последниот попис на населението извршен во 2002 година, на територијата на Општината живеат 15.894 жители.

Општина Илинден има свое знаме и грб, кои се донесени со самото формирање на оваа Општина.

Општина Илинден се наоѓа во непосредна близина на Скопје, поточно на 10 км од потесното градско подрачје, а го зафаќа источниот дел на Скопската котлина, на тромеѓата Скопје-Куманово-Велес. Седиштето на Општината се наоѓа во н.м. Илинден.

Од запад се граничи со општина Гази Баба, од северозапад со општина Арачиново, од север-североисток со Куманово, а од исток и југ со општина Петровец.

Во состав на Општината Илинден влегуваат 12 населени места и тоа: **Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци.**

Според пописот на населението од 2002 година, вкупниот број жители изнесува 15.894, кои живеат во 4.298 домаќинства или просечно по 3,7 членови во домаќинство. Густината на населеност изнесува 150 жители /км2.

Последните пет години природниот прираст на населението изнесува просечно 1% годишно.

Анализата која беше извршена во Општина Илинден беше со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите, во општина Илинден преку реализација на фокус група се селектираа приоритети на кои понатаму ќе се однесуваат стратегиите. Приоритетите за општина Илинден беа **невработеност, младинско информирање, младински активизам и иницијативи, учество на младите и волонтерство.** За детектирање на состојбата во овие приоритети се реализираше анкета и интервјуа со клучни личности, како и фокус група за дискусија на добиените информации и предлагање на потенцијални решенија.

Генерално, наодите во сите приоритетни сфери укажуваат на пасивност и незаинтересираност на младите, локалната самоуправа и локалните институции за младинските проблеми и потреби. Доминира неинформираноста за состојбите на локално ниво и незаинтересираноста на самите млади да дојдат до информации кои ќе им бидат корисни. Не постојат локални младински политики за поттикнување на вработувањето и активизмот кај младите. Во општината недостигаат елементарни услови и инфраструктура за организирано младинско делување. Општината вложува напори да обезбеди мултифункционален објект - Дом на култура во која младите ќе добијат соодветен простор и услови за реализација на своите идеи, но од друга страна овој објект сеуште не е започнат да се гради. Учеството на младите во донесувањето одлуки на локално ниво не постои. Според добиените наоди се појавува потребата да се размисли за воспоставување младински совет или младинско тело во рамки на локалната самоуправа како репрезент на младите и

нивните ставови. Повеќе информации за фактичката состојба се дадени во делот Анализа на наодите според приоритетни области.

Целната група која што беше опфатена со анализата е следнава:

**Фокус групи**

За формирање на фокус групите кои имаа за цел да дефинираат приоритетни области за делување како и за фокус групите кои имаа за цел да ги дискутираат и потврдат добиените наоди се користеше намерен примерок. При тоа составот на фокус групите вклучуваше:

- претставници од, политички подмладоци
- советник од локалната админстрација кој работи на младинската проблематика
- советници во советот на општината
- претставници од рурални места во склоп на општината
- претставници од локални институции (школи)
- млади- жители на Општина Илинден

Дополнителни критериуми при изборот на учесниците во фокус групата беа:

- соодветна полова застапеност
- возраст
- етнички баланс соодветен на структурата во општината
- граѓански статус

**Реализација на анкета**

Во Општината се селектираше соодветен примерок на млади луѓе на возраст до 15 – 29 години кои пополнија прашалници. Примерокот беше селектиран според податоците од пописот на населението од 2002 година. Бројот на млади луѓе во општина Илинден кои учествуваа во анкетата се одреди соодветно на вкупниот број млади на возраст од 15 – 29 години во општината. Во рамки на примерокот пропорционално се применија критериумите на полова, етничка и возрасна стуктура, граѓански статус и застапеност на млади од рурални и урбани места во склоп на општините. На ваков начин се обезбеди максимална репрезентативност имајќи ги во предвид финасиите, достапноста на информации според бараните критериуми и достапноста на едниците во примерокот.

За општина Илинден структурата на примерокот изгледаше вака:

Табела 1 – Структура на примерок за општина Илинден
(вкупно испитаници 34)

| Возрас на група | Пол | | Етничка припадност | | | | | | | | Место на живее ње | | Степен на образование | | | | | | | | Работен статус | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Македонец/ка | Албанец/ка | Тучин/ка | Ром/ка | Влав/Влаинка | Србин/ка | Бошњак/ка | Друго | Град | Село | Незавршено основно | Основно | Средно | Високо | Магистер | Доктор на науки | Ученик | Студент | Ученик/ Студент | Вработен | Невработен |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15-19 | 6 | 6 | 11 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1<br>2 | 0 | 12 | 0 | 0 |
| 20-24 | 6 | 6 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 10 | 0 | 1 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 6 | 4 |
| 25-29 | 5 | 5 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 7 | 3 |
| **Вкупно:** | **17** | **1<br>7** | **31** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **9** | **25** | **0** | **1** | **12** | **3** | **0** | **0** | **12** | **6** | **24** | **13** | **7** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Анализа на наодите според приоритетни области

### *Невработеност*

74% од испитаниците во примерокот изјавиле дека не се вработени. При тоа сите испитаници од возрасната група 15 – 19 години се невработени што е очекувано бидејќи на оваа возраст младите сеуште се во образовниот процес. Имено 30% изјавиле дека не се вработени бидејки учат/студираат. Понатаму поголемиот дел од младите на возраст 20 – 24 години се исто така невработени, додека кај возрасната група од 25 – 29 години скоро подеднаков број испитаници се определиле за двете опции. Имајќи ја во предвид лошата состојба со младинското вработување во земјата воопшто, податоците само уште еднаш ја потврдуваат ваквата состојба. Во контекст на ова, 18% од испитаниците изјавиле дека бараат работа неуспешно.

**Ако не сте вработени која е причината за тоа?**




41% од испитаниците сметаат дека отсуството на локална политика за економски развој е главната причина за невработеноста на младите. Меѓутоа подеднаков дел испитаници како главна причина ја наведуваат неангажираноста на Агенцијата за вработување и незаинтересираноста на младите да најдат работа.

**Според вас, главна причина за невработеноста на младите луѓе во вашата општина е:**




Доколку би имале можност да избираат половина од испитаниците определуваат да основаат сопствен бизнис, а 29% за работа во државна администрација. При тоа, младите од возрасните групи 15 – 19 и 20 - 24 години најмогу се определуваат за опцијата сопствен бизнис, додека кај младите на возраст 25 – 29 години доминира опцијата работа во државна институција. И машките и женските се подеднакво попретприемнички насочени, односно поголемиот дел избираат да основаат сопствен бизнис како опција за вработување. Исто така 65% од испитаниците би работеле постојана работа.

Испитаниците во последните 12 месеци најчесто се обраќале за работа кај роднините и пријателите, во Агенцијата за вработување и кај работодавачите.

**Како според вас може најлесно да се добие вработување?**




### *4.2 Инфраструктура*

Младите во општина Илинден велат дека од постоечката инфраструктура која може да одговори на потребите на младите постои само парк. Соодветно на ова паркот понатаму го потенцираат како простор кој младите најмногу го користат за реализирање на некои свои идеи и за задоволување на нивните потреби за рекреација, забава и спорт, но потенцираат дека тој само делумно ги задоволува таквите потреби. Исто така скоро 30% од испитаниците укажуваат дека паркот како единствена инфраструктура воопшто не ги задоволува потребите на младите. Како главни причини за ваквата состојба се наведуваат неинвестирањето во инфраструктура кој ќе одговара на потребите на младите, но и негрижата за потребите на младите.

**Каква инфраструктура постои во моментот во вашата општина?**




**Според вас, колку постојната инфраструктура (велосипедски патеки, патеки за рекреација, скејтборд простори, шеталишта, паркови) во вашата општина ги задоволува потребите на младите луѓе?**




Од добиените одговори за тоа како и колку младите се ангажираат да се подобри постојната инфраструктура или да се изгради нова, испитаниците укажуваат дека досега најчесто младите разговарале со советници од општината. Понатаму

соодветно на овој наод, испитаниците имаат правилна перцепција дека локалната самоуправа ја има главната одговорност за изградбата на инфрструктура соодветна на потребите на младите.




Испитаниците сметаат дека локалната самоуправа треба да ги инволвира младите при утврдувањето на каква инфраструктура ќе се изгради соодветно на нивните потреби и при тоа нивните барања да ги вклучи во годишната програма и буџет. Тие сметаат дека младите луѓе треба да организираат средби со советниците со цел да се заложат за подобрување на постоечката инфраструктура и изградба на нова.

Според интервјуто реализирано со советник од локалната самоуправа, добиени се информации дека се планира изградба на Културен дом, т.е прифатен е проектот на локалната самоуправа за изградба на домот. „Со реализирање на проектот ќе се изврши изградба на Дом на Култура „Илинден" со површина од 897 м². Овој објект е планиран да функционира како повеќенаменски, односно да задоволи повеќе потреби на граѓаните на општина Илинден. Домот на култура „Илинден" е организиран на приземје и два ката и ги има следните содржини: мултифункционален простор за организирање на изложби, фоаје, повеќенаменски простор за кино и театарски престави, конгреси и собири со капацитет за 142 посетители, библиотека со сала за семинари, конференции и канцеларии. Изградбата на Културниот дом ќе овозможи елементарни услови за развој и унапредување на културата и културните настани како и подобрување на условите за живеење на граѓаните на општина Илинден.

Со изградбата на новиот Дом на култура и неговото пуштање во употреба, се создаваат услови за одржлив економски развој, отварање на нови работни места и поволна клима за поттик и развој на културните и социјалните аспирации на граѓаните, создавање на простор за работа на невладини и други граѓански здруженија, простор за одржување на традиционалните Меѓународни литературни средби кои веќе 10 години се одржуваат во несоодветен простор за таа намена. Понатаму се овозможуваат услови за правилно функционирање на Културно Едукативниот Центар Илинден кој работи веќе 4 години во кој се посетуваат бесплатни курсеви по странски јазици,уметност и гитара над 600 ученици до 15 години.

Во кино салата како и во просторот за одржување на изложби се создава можност за промовирање и запознавање со културата и фолклорот на малцинствата во општината, можност за дружење и средби на здруженија на жените и други организации".

### *4.3 Младинско информирање*

56% од испитаниците сметаат дека младите делумно се информирани за работите кои ги засегат лично нив. При тоа како главни причини за делумната информираност за подеднаков дел од по 29% од испитаниците е дека локалните институции не се ангажираат доволно да ги информираат младите и дека информациите се пренесуваат преку погрешни канали. 20% како главна причина ја наведуваат незаинтересираноста на младите луѓе да се информираат.

**Која е главната причина за неинформираноста на младите за работи кои ги засегаат?**




59% од испитаниците сметаат дека информациите се пренесуваат воглавно преку роднини и пријатели, а за 26% преку локалните медиуми.

**Која е главната причина за неинформираноста на младите за работи кои ги засегаат?**



65% од испитаниците укажуваат на поразителниот факт дека всушност во општина Илинден не постои ниту младински информативен центар, ниту сектор за млади при локалната самоуправа, ниту пак младински НВОи и младински културен центар. Најголем дел испитаници, 59% сметаат дека младите луѓе за подобро да се информираат потребно е да побараат локалната самоуправа да воспостави младински информативен центар или служба за информирање на младите.

Соодветно на овој наод, на прашањето што може локалната самоуправа да стори за да го подобри информирањето на младите, 44% од испитаниците сметаат дека треба да воспостави младински информативен центар, а останати 26,5% од младите сметаат дека треба да се користат посовремени технологии за пренос на информациите, односно информациите да се пренесуваат преку оние медиуми кои се најслушани/ најчитани/ најгледани.

Исто така, на прашањето што можат НВОи да сторат за да го подобрат информирањето на младите, подеднаков дел испитаници сметаат дека НВОите треба да користат повеќе различни начини за информирање и да ја поттикнат локалната самоуправа да формира младински информативни центри.

**Што би требало да превземат НВОи за да се подобри информирањето на младите луѓе?**




### *4.4 Младински активизам и иницијативи*

Соодветно на наодот дека во општина Илинден не постојат речиси никакви младински организации или сектори, 47 % од младите сметаат дека во општината воопшто нема младински иницијативи. Но исто така постои и слаба иницијативност кај младите, т.е 62 % од испитаниците сметаат дека младите многу ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. За подеднаков дел испитаници најиницијативни се младите од 16 – 20 години, односно од 21 – 25 години, а најмалку

иницијативни младите на возраст 11- 15 и 26 – 30 години. Трите клучни причини за отсуството на иницијативност кај младите според испитаниците се слабата информираност, мал број места и можности да ги реализираат своите идеи и фокусираноста на забава.

**Младите во вашата општина:**




97 % од младите не учествувале во реализација на младинска иницијатива, а според 41 % од испитаниците најчесто училиштата покренуваат младински иницијативи. Потоа следуваат политичките партии и младите луѓе како покренувачи на иницијативи. Овој наод кореспондира со наодот кај 59% испитаници дека училиштата од сите институции водат најмногу грижа за младинските потреби.

**Кој најчесто покренува младински иницијативи во вашата општина?**




На младите најпотребно им е работно место, па потоа следува опцијата добро образование. Според возрасни групи за младите на 15 – 19 години најпотребни им се пари, а за младите на возраст од 20 – 24 години и од 25 -29 години потребно е работно место.

**Како да се зголеми иницијативноста на младите?**



Според размислувањата на фокус групата за да се зголеми иницијативноста на младите потребно е да им се дадат еднакви можности, да се мотивираат преку организирање јавни настани, да се одржуваат отворени денови во општината.

### *4.5 Младинско учество*

Според 41% од испитаниците младите не се застапени во институциите и не се вклучени во донесување одлуки, додека 38% пак од испитаниците не се информирани за учеството на младите во институциите и во процесите на донесување одлуки. Соодветно на горниот наод 35% од испитаниците тврдат дека во општината нема младински тела преку кои се обезбедува учеството на младите, а 56% не се информирани дали воопшто постојат вакви тела.Сите испитаници одговориле дека никогаш не биле вклучени во донесување на одлуки во рамки на локалните институции. Според информацијата од фокус групата вклученост на младите во донесувањето одлуки во локалните институции има во случаите кога тие се вработени во институциите.
Од друга страна младите сметаат дека нивното учество е најпотребно заради да напредуваат во кариерата а потоа следува изборот за да дадат младински поглед на нештата и да ги остварат интересите.

**Младите во вашата општина:**




Од оние испитаници кои сметаат дека младите не се застапени во институциите и не се вклучени во донесувањето одлуки, најголемиот дел сметаат дека тоа е заради немањето знаења од областа младинско учество. Исто така значаен дел испитаници како причини за невклученоста ги наведуваат немањето доверба од возрасните и немањето доволно информации кај младите.

На прашањето каде е најбитна и најпотребна вклученоста на младите 38% сметаат дека тоа е во другите локални институции, а 32% дека најпотребна е во советот на општината.
44% од испитаниците сметаат дека младите би требало да се организираат и да побараат поголема вклученост. Од ова е евидентно дека за младите е побитно да обезбедат учество директно во одлучувањето одколку индиректно да влијаат на одлуките.




### *4.6 Волонтерство*

Во општина Илинден, 85% од испитаниците не волонтирале досега. Истовремено, младите имаат позитивна перцепција за волонтерството и 47% изјавиле дека го поддржуваат и сметаат дека е корисно, додека 32% делумно го поддржуваат. Но најголемиот дел од испитаниците, 53% изјавиле дека не знаат дали и колку младите во општина Илинден волонтираат.

Со цел да се мотивираат младите повеќе да волонитираат 38% од испитаниците сметаат дека е потребна дополнителна едукација на младите за предностите од волонтерството како и информирање на младите за законската регулатива. Како институции кои најмногу го поддржуваат волонтерство се наведуваат училиштата и политичките партии.

**Која од институциите на локално ниво најмногу го потикнува волонтерството?**




41% од испитаниците сметаат дека волонтерството најмногу може да придонесе за подобра подготовка на младите пред да стапат на работното место.
Останати 23% сметаат дека придонесува за поголема информираност, додека 20% дека придонесува за развивање на свеста волонтерски да се придонесува во заедницата.

**Според тебе, во што најмногу може да придонесе волонтирањето?**




## КРАТОК ПРЕГЛЕД

Документот Локална младинска стратегија на Општина Илинден е креиран за периодот од 2011 година до 2015 година, вклучува и Акционен план за првата година, 2011 година.

Цел на ЛМС на Општина Илинден е подобрување на општата состојба на животот на младите во Општина Илинден.

Основни приоритети кои произлегоа од анализата и се опфатени со ЛМС се следниве:

Невработеност, инфраструктура, младинско информирање, младински активизам и младинско учество и приоритетот волонтерство.

За горенаведните приоритети се разработени специфични цели и стратегии за нивно остварување.

Преку имплементација на ЛМС во престојните пет години на ниво на Општина Илинден, во соработка со јавни институции, бизнис секторот и граѓанскиот сектор ќе се работи на остварување на главната цел на стратегијата преку подобрување на состојбата на младите на локално ниво.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2011-2015 година

**Приоритет 1: НЕВРАБОТЕНОСТ**

**Цел на приоритетот:** Да се зголеми степенот на вработување и да се зајакнат капацитетите на младите во Општина Илинден

**Специфични цели:**

1.1. Зголемување на информираноста на младите за понуда и побарувачка на јавниот и приватниот сектор и креирање на пазар на трудот на Општина Илинден

**Стратегии:**

1.1.1 Организирање на отворени денови на Општината ( постои веќе )
1.1.2 Презентации на понуда и побарувачка на приватниот сектор
1.1.3 Ажурирање на податоци за расположлива работна сила на
1.1.4 Општината на интернет страната на Општината- Берза на трудот

1.2. Зајакнување на капацитетите на младите преку обуки, доквалификации и преквалификации

**Стратегии**:
1.2.1 Реализирање на обуки за професионална ориентација
1.2.2 Поддршка на претприемништво на младите во Општина Илинден
1.2.3 Поддршка на млади претприемачи преку обуки

**Приоритет 2: ИНФРАСТРУКТУРА**

**Цел на приоритетот:** Подобрување на инфраструктурата прилагодена за потребите на младите во Општината Илинден

**Специфични цели:**
2.1. Подобрување на транспортни релации од и кон Општина Илинден

**Стратегии:**
2.1.1 Подобрување на Јавниот превоз во Општина Илинден

2.2.Подобрување и прилагодување на патната инфраструктура за потребите на младите

**Стратегии:**
2.2.1 Обележување на пешачки премини и велосипедски патеки
2.2.2 Изградба на скејт парк, патеки за ролери и трим патека во Општина Илинден
2.2.3 Поставување на соодветна патна сигнализација
2.2.4 Асфалтирање на локалните улици и изградба на тротоари приритетни за младите

2.3 Реконструкција и адаптација на простории и објекти

**Стратегии:**
2.3.1 Отварање на општинска библиотека ( планирано и електронска библиотека)
2.3.2 Изградба и отварање на Дом на културата и кино до 2 Август 2011 г
2.3.3 Обезбедување на простор за кино и театар (прилагодени сали за потребите на кино и театар ( акустични и сл)
2.3.4 Изградба на средно училиште во Општина Илинден- !!! Нова стратегија- 1ви Септември 2011 година да се почне со фукнционирање ( дополнително означени со црвено )влезени во стратешки план за развој на Општина Илинден)
2.3.5 Отпочнување со работа на средно училиште
2.3.6 Изградба на затворен базен во Општина Илинден

**Приоритет 3: МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ**

**Цел на приоритетот:** Воспоставање на форми и механизми за младинско информирање во Општина Илинден

**Специфични цели:**
3.1 Да се овозможи пристап на младите за подобра информираност

**Стратегии:**

3.1.1 Отварање на канцеларија за млади ( во склоп на Дом за култура )

3.1.2 Отварање на младински КУЛУТРНО-ЕДУКАТИВЕН информативен центар ( во оваа стратегија влегуваат и отварање на канцеларија за млади – како и формирање на сектор за млади при ОИ)

3.1.3 Формирање и поддршка на младински здруженија на граѓани

3.1.4 Обезбедување на простор на локални медиуми за промоција на младите !

3.1.5 Ангажирање на лице одговорно за млади во Општина Илинден

3.2 Да се овозможи континуран проток на инфомации за потребите на младите

**Стратегии:**

3.2.1 поставување на огласни табли во објекти на јавни институции и јавни простори ( спортски сали и паркови)

3.2.2 поставување на огласни табли во кафулиња

3.2.3 Обезбедување на простор за младински информатор во Општинскиот информатор

## Приоритет 4: МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**Цел на приоритетот**: Да се поттикнат и искористат младинските потенцијали во Општна Илинден

**Специфични цели:**

4.1 Креирање на механизми за поддршка на младинско учество

**Стратегии**:

4.1.1 Формирање на младински советодавни тела 2012

4.1.2 Формирање на спортски друштва на ниво на Општина Илинден

4.1.3 Поддршка и развој на младински спортски школи и училишен спорт

4.1.4 Формирање на јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти и организирање на спортски активности

4.2 Поттикнување на учество на младите во јавниот живот во Општина Илинден

**Стратегии:**

4.2.1 Организирање и отварање на младински форум

4.2.2 Издавање на младински е-билтен

4.2.3 Поттикнување на младите и граѓаните на Општина Илинден за отварање на активни граѓански здруженија

## Приоритет 5: ВОЛОНТЕРСТВО

**Цел на приоритетот:** Едукација на младите и институциите за придобивките од волонтерството и информирање за постоечки законски регулативи на национално ниво

**Специфични цели:**

5.1 Подигнување на свеста и едукација на младите за потребата од волонтирање

**Стратегии:**

5.1.1 Едукација на младите по училиштата за законската рамка и придобивките од волонтерство

5.1.2 Развивање на соработка со граѓански здруженија кои што работата во оваа сфера

5.2 Информирање на јавниот и приватен сектор за законската рамка за волонтерство

**Стратегии:**

5.2.1 Организирање на јавни кампањи за промоција на волонтерство

5.2.2 Понуда на готови модели за примена на законот за волонтерство во својата работа

5.2.3 поттикнување на јавниот и приватен сектор за давање можност за волонтирање или практиканство за млади луѓе

5.2.4 Поттикнување на младите и граѓаните на Општина Илинден за отварање на граѓански здруженија

# АКЦИОНЕН ПЛАН 2011 ГОДИНА

**Приоритет 1. НЕВРАБОТЕНОСТ**

**Цел на приоритетот:** Да се зголеми степенот на вработување и да се зајакнат капацитетите на младите во Општина Илинден

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1.1: Зголемување на информираноста на младите за понуда и побарувачка на јавниот и приватниот сектор и креирање на пазар на трудот на општина Илинден** | | | | |
| **Стратегија 1.1.1** Организирање на отворени денови на општината | | | | |
| **Активност 1.1.1.1** Прибрање на информации од јавен и приватен сектор за понуда | Добиени информации за понуда и побарувачка на работната сила | Квалитативен индикатор: Изготвена база на податоци за понуда и | 01.02.2011г до 31.03.2011 | Одговорно лице (група ) за организирање на отворени денови во заедницата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и побарувачка на работна сила | во Општината | побарувачка на работната сила | | општина Илинден – Одделение за ЛЕР |
| **Активност 1.1.1.2** Подготовка на план за презентација на добиените информации | Изготвен план за презентација на информациите | Подготвена презентација за планот | 01.04.2011 до 01.05.2011 година | Одделение за ЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.1.3** Остварување на контакт со бизнис секторот | Остварен контакт со бизнис секторот Промовирање на план за отворени денови на Општината | Број на остварени контакти Број на заинтересирани фирми | 01.05.2011 до 20.06.2011 година | Одделение за ЛЕР |
| **Активност 1.1.1.4** Инфомирање и промоција на отворените денови во Општината | Промовиран настан Отворени денови на Општината | Број на пуштени соопштенија во јавноста Информирани млади Видови и начини на информирање на јавноста за настанот | 01.09.2011 до 30.09.2011 година | Одделение за ЛЕР |
| **Активност 1.1.1.5** Одржување на отворени денови на Општината | Реализиран отворен ден на Општината | Број на фирми кои се презентирале Број на посетители на настанот Број на млади присутни на настанот Времетраење на настанот Одржан минимум 1 отворен ден на Општината | 01.10.2011 до 30.10.2011 години | Одделение за ЛЕР |
| **Стратегија 1.1.2** Презентации на понуда и побарувачка на приватниот сектор | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.2.1** Донесување на Програма за презентации на понуда и побарувачка | Донесена на Програма | Број на вклучени субјекти Вклученост на заинтерисирани те страни | 01.03.2011 г- 31.05.2011 г. | ОИ |
| **Активност 1.1.2.2** Информирање на заинтересирани те страни за одржување на презентациите | Зголемена информираност на заинтересирани те страни | Број на објавени сопштенија во медиумите Број на учесници Вклученоста на заинтересирани те страни | 01.09.2011 г. – до 30.09.2011 г | ОИ Одд за ЛЕР |
| **Активност 1.1.2.3** Одржување на презентациите | Одржана презентација | Број на одржани презентации Вклученост на заинтересирани те страни Зголемен проток на информации за понуда и побарувачка на работна сила | 01.10.2011 г. – до 30.11.2011 г. | ОИ Одделение за ЛЕР |
| **Стратегија 1.1.3** Ажурирање на податоци за расположлива работна сила на Општината на интернет страната на Општината – Берза на трудот | | | | |
| **Активност 1.1.3.1** Изработка на посебна под страна во рамките на интернет страната на општината | Изработка на под страна | содржината на под страната, прегледноста, достапноста | 01.02.2011 г.- 28.02.2011 г | Самостоен референт за информатичкисисте ми и мрежно одржување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.3.2** Вработување или овластување на лице кое ќе ги ажурира податоците на - Берзата на трудот | Вработено или овластено лице | | 01.03.2011г.- 30.04.2011г. | Градоначалникот на општина Илинден |
| **Активност 1.1.3.3** Отпочнување со работа на берзата на трудот | Отпочната работата на берзата на трудот | Квантитативни индикатори: Број на опфатени субјекти кој нудат работа Квалитативни индикатори: вклученост на приватниот и јавниот сектор | 01.05.2011г. – 31.12.2011г. | Општината |
| **Специфична цел бр. 1.2: Зајакнување на капацитетите на младите преку обуки, доквалификации и преткваликаци** | | | | |
| **Стратегија 1.2.1** Реализирање на обуки за професионална ориентација | | | | |
| **Активност 1.2.1.1** Истражување и анализа за потребите од обуки, доквалификации и преквалификации на младите | Извршено мапирање на заедницата | Добиени податоци за потребите на младите Дефинирани области за обуки, доквалификации и преквалификации на младите | О5,05-30.09.2011 година | Општина Илинден НВО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 1.2.2** Подршка на претприемништвото на младите во општина Илинден | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.2.2.1** Подготовка на план за работа на тема претприемнштво | Подготвен план за работа | Документ за работа на тема претприемништво | 01.10 – 31.12.2011 година | ЛЕР |

**Приоритет 2 ИНФРАСТРУКТУРА**

**Цел на приоритетот: Подобрување на инфраструктурата прилагодена за потребите на младите во општина Илинден**

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.2.1: Подобрување на транспортни релации од и кон Општина Илинден** | | | | |
| **Стратегија 2. 1.1** Подобрување на Јавниот превоз | | | | |
| **Активности 2.1.1.1** Подготовка на анализа за потребите на граѓаните на Општина Илинден | Добивање на податоци од изработена анализа | -изработена анализа<br>-број на испитаници вклучени во анализата<br>-број на испитани населени места | **01.06.2011 до 30.12.2011 година** | Одделение за Локален економски развој |
| **Специфична цел бр. 2.2: Подобрување и прилагодување на патната инфаструктура за потребите на младите** | | | | |
| **Стратегија 2.2.1** Обележување на пешачки | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| премини и велосипедски патеки | | | | |
| **Активности 2.2.1.1** Утврдување на локации на пешачки премини и велосипедски патеки | Одредени локации за обележување на пешачки премини и велосипедски патеки | Утврдување на локации и квадратура на велосипедските патеки | 01.01.2011 година до 28.03.2011 година | Одделение за урбанизам и комунална дејност |
| **Активности 2.2.1.2.** Внесување на локациите во годишните програми за изградба, реконструкција и санација на локални патишта и улици | Утврдени и внесени локации во годишните програми | Број на улици Број на велосипедски патекти Реализација на годишната програма за изградба, реконструкција и санација на локални патишта | 01.04. 2011 година до 31.12.2011 година | Одделение за урбанизам и комунална дејност |
| **Стратегија 2.2.2** Изградба на скејт парк,патеки за ролери и трим патека | | | | |
| **Активност 2.2.2.1** Обезбедување на соодветна локација | Обезбедена локација | Акт за обезбедена локација | 01.10.2011 година до 31.12.2011 година | Одделение за ЛЕР |
| **Активност 2.2.2.2** Доставување на предлог за внесување во постоечката годишна програма за 2012 година | Прифатен предлог во постоечка годишна програма за 2012 година | Предвидено во урбанистички план на Општина Илинден | 01.10.2011 година до 31.12.2011 година | Оделение за урбанизам |
| **Специфична цел бр. 2.3: Реконструкција и адаптација на простории и објекти** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 2.3.2** Изградба и отварање на дом на културата и кино | | | | |
| **Активност 2.3.2.1**<br><br>Тековни активности на општината | Подобрување на условите за живот на младите<br>Намалување на трошоците за забава на младите | Број на посетители,<br>Број на организирани нстани од областа на културата<br>Број на одржани кино престави<br>Обезбедување на соодветна финансиска конструкција за отварањето на домот на култура<br>Вработување на соодветни лица | 01.03.2011година до 02.08.2011година | Општина Илинден |

**Приоритет 3 МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ**

**Цел на приоритетот:** Воспоставување на форми и механизми за младинско информирање во општина Илинден

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.3.1: Да се овозможи пристап на младите за подобра информираност** | | | | |
| **Стратегија 3.1.1** Воспоставување на канцеларија за млади | | | | |
| **Активност 3.1.1.1** Организирање на координативен состанок | Реализирани координативни состаноци и изработка на работен план за отварање на | Одржани минимум 5 работни состаноци<br>Изработен план за отварање на канцеларија за | 15.01.2011 година до 30.04. 2011 година | Општина Илинден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | канцеларија за млади | млади | | |
| **Активност 3.1.1.2** Формирање на тело за подготовка и отварање на канцеларија за млади | Оформено тело за отварање на канцеларија за млади | Одржани состаноци Донесени акти за отварање на канцеларијата Реазлизирање на план за отварање на канцеларија | 01.06.2011 година од 30.06.2011 година | Одговорно лице од сектор за ЛЕР |
| **Активност 3.1.1.3** Обебзбедување на соодветен простор за канцеларија за млади | Обебеден простор за канцеларија за млади | документ за поткрепа за обезбеден простор (согласност за отстапен простор за младинска канцеларија) | 01.10.2011 година до 01.12.2011 година | Одговорно лице од Одделение на Градоначалникот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 3.1.2** Отварање на младински КУЛТУРНО-ЕДУКАТИВЕН информативен центар (канцеларија за млади и сектор за млади) | | | | |
| **Активност 3.1.2.1** Организирање на координативен состанок | Реализирани координативни состаноци и изработка на работен план за отварање на КЕИЦ | Одржани минимум 3 работни состаноци Вклучени лица од ЕЛС Изработен план за отварање на канцеларија за млади Планот е поставен за приоритет на ЕЛС на Општина Илинден | 15.03.2011година до 31.04. 2011 година | Одговорно лице од Локална Самоуправа |
| **Активност 3.1.2.2** Формирање на тело за | Оформено тело за отварање на КЕИЦ | Одржани состаноци Донесени акти затварање на | 10.05.2011 година до10.06.2011 година | Одговорно лице од сектор за ЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| подготовка и отварање на КЕИЦ | | КЕИЦ Реазлизирање на план за отварање на канцеларија | | |
| **Активност 3.1.2.3** Обебзбедување на соодветен простор за КЕИЦ | Обебеден простор за КЕИЦ | документ за поткрепа за обезбеден простор ( согласност за отстапен простор за КЕИЦ ) | 10.06.2011 година до 30.12.2011 година | Општина Илинден |
| **Активност 3.1.2.4** Прибирање на информации за содржини во КЕИ Центар | Собрани информации за содржините кои ќе се опфатат во КЕИЦ | Број на содржини кои ќе бидат опфатени во КЕИЦ | 10.06.2011 година до 30.12.2011 година | Тело за подготовка и отварање на КЕИЦ Граѓански здруженија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 3. 1.3** Поддршка на младински здруженија на граѓани | | | | |
| **Активност 3.1.3.1** Одржување на координативен состанок | одржан состанок и утврдување на план за отварање на младинско здружение | Одржан 1 состанок<br><br>Изготвен план за отварање | 01.03.2011 година до 31.03.2011 година | Општина Илинден |
| **Активност 3.1.3.2** Регистрирање на младинско здружение | Регистрирано младинско здружение | Број на членови на здружението | 01.04.2011 година до 15.04.2011 година | Одделение за ЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стратегија 3.1.4** Обезбедување на простор на локални медиуми за промоција на младите | | | | |
| **Активност 3.1.4.1** Остварување контакт со локални медиуми од страна | Остварен контакт со локални медиуми | Број на медиуми со кои е остварен | 01.09.2011 година до 31.12.2011 година | Одделение за ЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на Локалната самоуправа за промоција на младите | | контакт Одобрен простор во медиумите | | |
| **Активност 3.1.4.2** Договарање на соодветен промотивен простор | Обезбеден простор за промоција на младите | Потпишан договор со минимум два локални медиуми | 01.09.2011 година до 31.12.2011 година | Одделение за поддршка на Градоначалникот (правно одделение) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр. 3.2: Да се овозможи континуиран проток на информации за потребите на младите** | | | | |
| **Стратегија 3.2.1** Поставување на огласни табли во објекти на јавни институциии јавни простории | | | | |
| **Активност 3.2.1.1** поставување на огласни табли во кафулиња | Достапност до информации | Број на кафулиња каде се поставени огласните табли | 01.03.2011 година до 31.05.2011 година | Одговорно лице од Општина Илинден |

## Приоритет 4 МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**Цел на приоритетот:** Да се поттикнат и искористат младинските потенцијали во Општина Илинден

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр. 4.1: Креирање на механизми за поддршка на младинско учество** | | | | |
| **Стратегија 4.1.2** Формирање на спортски | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| друштва на ниво на Општина Илинден | | | | |
| **Активност 4.1.2.1** Подготовка на анализа за законска регулатива | Добиени резултати за законска регулатива | број на испитани спортски федерации | 01.02.2011 до 31.12.2011 година | Одделение за ЛЕР Референт за спорт |
| **Стратегија 4.1.3.** Поддршка и развој на младински спортски школи и училишен спорт | | | | |
| **Активност 4.1.3.1** Доставување на план на активности од страна на училиштата | Изработени планови на активности од страна на училиштата | Број на планови по училишта | 01.03.2011 година 01.09.2011 година | Раководство во Основни Училишта Одделение за ЛЕР |
| **Активност 4.1.3.2** Реализирање на спортски настани | Одржување на спортски настани | Број на реализрани спортски настани Број на вклучени училишта Број на вклучени учесници | 01.03.2011 до 30.06.2011 година 01.09.2011 до 30.12.2011 година | Раководство во Основни Училишта Одделение за ЛЕР |
| **Стратегија 4.1.4** Формирање на јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти и организирање на спортски активности | | | | |
| **Активност 4.1.4.1** Регистрирање на јавно претпријатие за | Регистирано јавно претпријатие за стопанисување | Функционално јавно претпријатие за стопанисување со спортски | 01.01.2011 до 31.03.2011 година | Одделение за ЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| стопанисување со спортски објекти и организрање на спортски активности | со спортски објекти и организрање на спортски активности | објекти и организрање на спортски активности | | |
| **Специфична цел бр. 4.2: Потикнување на учество на младите во јавниот живот на Општина Илинден** | | | | |
| **<u>Стратегија 4.2.3</u>** Поттикнување на младите и граѓаните на општина илинден за отварање на активни граѓански здруженија | | | | |
| **<u>Активност 4.2.3.1</u>** Креирање на база на податоци на постоечки здруженија на граѓани на ниво на Општина Илинден | Креирана дата база на податоци за профил на постоечки граѓански здруженија | Територијална покриеност на Општината Број на мапирани здруженија | 01.09.2011 година до 30.10.2011 година | Одделение за ЛЕР |
| **<u>Активност 4.2.3.2.</u>** Контактирање на граѓански здруженија за соработка и поттикнување на активни граѓански здруженија | Воспоставен контакт со постоечките здруженија во Општина Илинден | | 01.11.2011 година до 30.12.2011 година | |

**Архивски број 07-2187/9**
**Од 24.12.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# СОДРЖИНА

1. Решение за објавување на Одлуката за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота, бр.07-2187/2 од 24.12.2010 година.......................................................................................... стр.2
2. Одлука за утврдување на надоместок за одржување на јавната чистота, бр.07-2187/2 од 24.12.2010 година.......................................................... стр.3 - 6
3. Решение за објавување на Програмата за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-2187/3 од 24.12.2010 година.............................................................. ......................................стр. 5
4. Програма за одржување јавна чистота на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-2187/3 од 24.12.2010 година....................................стр. 8 - 15
5. Решение за објавување на Програмата за собирање и транспортирање на комуналниот и цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-2187/4 од 24.12.2010 година................................................стр. 16
6. Програма за собирање и транспортирање на комуналниот и цврст отпад од територијата на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-2187/4 од 24.12.2010 година Решение за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-2169/6 од 22.12.2010 година.........................................................................................стр.17-21
7. Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Ценовникот на услуги за одржување на јавната чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови бр.02-234/8, бр.07-2187/5 од 24.12.2010 година...........................................................................стр. 22
8. Одлука за давање на согласност на Ценовникот на услуги за одржување на јавната чистота, услугите во хортикултурата и услугите за чистење на снегот во зимски услови бр.02-234/8, бр.07-2187/5 од 24.12.2010 година..................стр. 23
9. Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на Општина Илинден бр.02-234/7, бр.07-2187/6 од 24.12.2010 година............... ..................................................................стр. 24
10. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – одведување на отпадни води од домаќинствата на територијата на Општина Илинден бр.02-234/7, бр.07-2187/6 од 24.12.2010 година...........................................................................................стр.25
11. Решение за објавување на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници - домаќинства, бр.07-2187/7 од 24.12.2010 година...........................................................................................стр.26
12. Одлука за утврдување на цена на комунална услуга – собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од индивидуални корисници - домаќинства, бр.07-2187/7 од 24.12.2010 година.......................................стр. 27

13. Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на цена на комунална услуга – „снабдување со вода за пиење на индивидуалните корисници“ - домаќинства бр.02-229/4, бр.07-2187/8 од 24.12.2010 година..........................................................................................стр.28
14. Одлука за утврдување на цена на комунална услуга – „снабдување со вода за пиење на индивидуалните корисници“ - домаќинства бр.02-229/4, бр.07-2187/8 од 24.12.2010 година...............................................................стр. 29
15. Решение за објавување на Локалната Стратегија за млади на Општина Илинден 2011-2015 година, бр.07-2187/9 од 24.12.2010 година.................стр. 30
16. Локална Стратегија за млади на Општина Илинден 2011-2015 година, бр.07-2187/9 од 24.12.2010 година